Бр. 08-917/4
03.08. 20 23 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 7 и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21 ) и извештајот од стручната комисија бр.08-917/3 од 31.07.2023 година, Одборот за акредитација на високото образование, на 61 -та седница одржана на 30.06.2023 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за акредитација на ментор на докторски студии**

1. Д-р Билјана Ефтимова, вонреден професор на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, се акредитира за ментор на докторски студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, од трет циклус бр. на акредитација 08-389/9 од 17.08.2021 година.
2. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.
3. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По донесеното барање 2007-145/1 од 25.05.2023 година (наш бр.08 - 917/1 од 06.06.2023 година) за акредитација на ментор на докторски студии на студиска програма Базични и клинички истражувања во медицината, на Факултет за медицински науки, при Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, за проф. д-р Билјана Ефтимова.

Одборот за акредитација на високото образование, на 60 - та седницата одржана на 20.06.2023 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација на ментор на докторски студии, со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр. 08 - 917/3 од 31.07.2023 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/21) и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 61 - та седница одржана на 30.06.2023 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Проф. д-р Татјана Стојаноска Иванова